Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како имател на информации, со седиште на ул. Глигор Прличев бр.1, Скопје, телефон 02 3 219 850 и 071 390 597 - технички секретар, e-mail: ojogokk@jorm.gov.mk
**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**

Марјана Крстева - Раководител на одделение за постапување по претставки, поплаки и ургенции
**(името на службеното лице)**

го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 1.01.2024 до 31.12.2024)

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;
Марјана Крстева - службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, овластена со Решение А бр.341/21 од 29.12.2021 година

2. Број на примени барања;
20 - дваесет примени барања

3. Број на позитивно одговорени барања;
15 - петнаесет позитивно одговорени барања

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;
5 - пет одбиени барања

- Негативно е одговорено на барање со кое се побарувaa описни податоци за начинот и местото на извршување на цела група на кривични дела, за секој сторител поодделно. Ова од причини што, барателот го бараше диспозитивот на неопределен број обвинителни предлози и акти, чија содржина не се внесува во уписниците.

- Негативно е одговорено на барање со кое се побара фотокопија од Годишен извештај за примена на Посебните истражни мерки за 2023 година. Барањето беше поднесено на 1.4.2024 година, а Годишните извештаи од работата на Јавното обвинителство на РСМ се уште не беа презентирани, разгледани и прифатени од Собранието на РСМ ( чл.54 и чл.55 ст.1 и ст.3 од Законот за јавно обвинителство ( „Сл. весник на РСМ„ бр.42 од 16.2.2020 година).

- Следното барање кое е одбиено е од истата причина како горенаведеното, со разлика што со ова беше побарана фотокопија од целиот Годишен извештај од работата на ова обвинителство, кој како сегмент од вкупниот Годишен извештај за работата на Јавното обвинителство на РСМ се уште не беше презентиран, разгледан и прифатен од Собранието на РСМ. По која постапка пак, се објавува на официјалната веб страна на Јавното обвинителство на РСМ.

- Негативно е одговорено на барање со кое се побара фотокопија од конкретно Решение за отфрлање на кривична пријава од страна на ова обвинителство. Причина за одбивање на барањето беше фактот што списите и целиот предмет физички се наоѓаа во Вишото јавно обвинителство Скопје, кое постапуваше по поднесена жалба од страна на поднесувачот на кривичната пријава.

- Петтото барање на кое негативно е одговорено, се однесува на побарано Решение за запирање на кривична постапка по поднесена иницијатива од ДКСК. Причина за одбивање на барањето беше

фактот што такво Решение во ова обвинителство не е донесено, односно не сме создавачи и иматели на побараната информација.

5. Број на неодговорени барања
нема неодговорени барања

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);

1 - една вложена жалба против Решение со кое беше одбиено барањето

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;

1 - една усвоена жалба со одлука на Агенцијата, по која е постапено, на начин што при повторно разгледување на барањето, на истото е позитивно одговорено.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата

- нема постапка

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и

- нема постапка

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.

- нема постапка

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Islam Abazi**

**Скопје, 14.1.2025 година**
**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**
Марјана Крстева
**(службено лице – потпис)**